Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр.19-1631/1
14.04.2009 година
С к о п ј е

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 14-04-2009 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1835/1 | | |

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**С К О П Ј Е**

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за дополнување на Законот за кривичната постапка, што го утврди на седницата, одржана на 14.04.2009 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Михајло Маневски, министер за правда и Ибрахим Ибрахими, заменик на министерот за правда, а за повереници Билјана Бришкоска Бошковски, државен секретар во Министерството за правда и Снежана Мојсова, раководител на Сектор во Министерството за правда.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Никола Груевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Подготвил:Љубица Р. Димовска
Контролирал: Митра Спасовска
Одобрил: Стојан Тодоров

**ПРЕДЛАГАЧ:Влада на Република Македонија**

**ПРЕТСТАВНИЦИ:Михајло Маневски, Министер за правда и**

**Ибрахим Ибрахими,Заменик Министер за правда**

**ПОВЕРЕНИЦИ: Билјана Бришкоска-Бошковски, Државен секретар во Министерството за правда и**

**Снежана Мојсова,**
**Раководител на Сектор**

**ПРЕДЛОГ**

**НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ**

**НА ЗАКОНОТ ЗА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА**

**Април 2009 година**

ВОВЕД:

I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за малолетничка правда донесен од Собранието на Република Македонија на 4 јули 2007 година, означи заокружување на процесот за кодификација на малолетничкото законодавство и создавање на единствено законодавство кое ќе се раководи од потребата за успешна, пред се, превентивна активност на сите надлежни субјекти во вкупната грижа за заштита, воспитување, превоспитување и правилен развој на една специфична категорија на млади луѓе. Законот едновремено претставува и реформа на малолетничкото законодавство на Република Македонија затоа што во него се имплементирани меѓународните стандарди за малолетничка правда.

На седницата одржана на 12 февруари 2008 година, Владата го разгледа и усвои Акционен план и буџетска рамка за имплементација на Законот за малолетничка правда за 2008-2009 година, при што усвои заклучоци со кои се препорачува и се овластуваат надлежните институции да склучат договори за соработка со УНИЦЕФ, ОБСЕ и други меѓународни организации за финансирање на реализацијата на активностите предвидени во Акциониот план.

Исто така, Владата го задолжи Министерството за правда, преку предпристапните фондови на ЕУ (ИПА) да преземе потребни мерки и активности за финансирање на предвидените активности во Акциониот План.

Со оглед на тоа што не беа создадени услови за ефективна примена на Законот, на 1 август 2008 година Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за малолетничка правда со кој се одлага примената на законот за 1 јануари 2009 година. Исто така, на 24 декември 2008 година Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за малолетничка правда со кој се одлага примената на законот за 30 јуни 2009 година.

Постапувајќи согласно заклучоците, Министерството за правда на 5 мај и 1 октомври 2008 година организираше средба со надлежните институции со цел оценување на степенот на реализација на активностите предвидени во Акциониот план.

При тоа беше констатирано дека во текот на 2008 година се спроведени голем дел од активностите предвидени со овој план:

Имено, изготвени и усвоени се пет подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за малолетничка правда и Законот за извршување на санкции, со што се создадени предуслови за спроведување на законот.

Извршена е почетна и континуирана обука за повеќе од 250 судии и јавни обвинители, адвокати, сите тимови од Центрите за социјална

работа (ЦСР) како и за полицијата (униформирана и инспекторите за малолетничка правда).

Овие обуки директно придонесуваат кон исполнување на меѓународните стандарди во однос специјализација на системот за малолетничка правда. Исто така, изработени се нацрт програмите за специјализирана обука за полициски инспектори и програма за континуирана обука на кадри во системот на социјална заштита. Се одржа правата регионална конференција за судии и обвинители, со цел размена на искуства за практична примена на новините кои се воведени со законот за малолетничка правда.

Проширена е мрежата на групите (едукативни центри) за работа со родители на деца во ризик и деца сторители на кривични дела. Спроведена е обука стручните кадри во четири ЦСР и една институција за работа со родителите и одржани се три евалуативни работилници. Со ова вкупниот број на воспоставени едукативни центри е осум (споредено со 2007 кога беа 4). Изработено е нацрт стручно-методолошко упатство за постапување на ЦСР со деца во ризик и малолетни сторители на кривични дела и истото треба да се усвои и применува од 2009 година.

На седницата одржана на 28.10.2008 година, Владата на Република Македонија ја разгледа и ја усвои Информацијата за степенот на реализација на активностите предвидени со Акциониот план за имплементација на Законот за малолетничка правда - состојба во октомври 2008 година и при тоа донесе заклучоци.

Министерството за правда ќе продолжи да ги координира активностите поврзани со спроведување на Акциониот план преку работната група за малолетничка правда и редовно ќе ја информира Владата за негово спроведување. Исто така, ќе се спроведуваат препораките на Владата кои беа усвоени на 25-тата седница одржана на 28.10.2008 година.

Реформата на системот за малолетничка правда останува да биде еден приоритетите на Министерството за правда и во текот на 2009 година:

1. Министерството за труд и социјална политика ќе обезбеди финансиски средства за институционално и кадровско доекипирање на Центрите за социјална работа,
2. Ќе се формира Државен совет за превенција од малолетничко престапништво и ќе се усвои програма за негова работа и акти за негово функционирање,
3. Ќе се усвои Национална стратегија за превенција на малолетничко престапништво,
4. Надлежните инситутиции ќе продоложат со креирање и усвојување на специјализирани програми за обука на релевантните кадри и иститe ќе бидат развиени и спороведени од меѓународни и домашни експерти,
5. Ќе се работи на создавање на Фонд за обештетување на малолетници -жртви на кривични дела,
6. Адвокатската комора на Република Македонија ќе ја усвои финалната листана адвокати кои ќе работат со малолетници,

7. Ќе се воспостави систем за водење на единствена евиденција за изречени санкции и кривични дела и прекршочни санкции во Основен суд Скопје И,
8. Ќе се направи истражување за капацитетите на системот за спроведување на законот за малолетничка правда и постоечките ресурси и
9. Министерството за труд и социјална политика ќе работи на воспоставување на услови за реализација на воспитните мерки (дисциплински центар), алтернативните мерки, како и креирање на алтернативни услуги (специјализирани згрижувачи семејства).

На 23 јануари 2009 година, Министерството за правда одржа состанок со сите релевантни институции при што беше направена оценка на спроведувањето на заклучоците и Акциониот план со состојба во јануари 2009 година.

II.ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Законот чие донесување се предлага се заснова врз начелата на заштита на малолетникот и неговите права во кривичната постапка согласно Конвенцијата за правата на детето.

III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА.

Предлог на Законот не содржи финансиски последици.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ.

Спроведувањето на законот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

Член 1

Во Законот за кривичната постапка (“Службен весник на Република Македонија” број: 15/97,44/02,74/04 и 83/08 ) по членот 544 се додава нов член 544-а кој гласи:

„Член 544-а

Со денот на отпочнување со примена на Законот за малолетничка правда („Службен весник на Република Македонија„ број: 87/07, 103/08 и 161/08) престанува да важи Главата XXVII „ПОСТАПКА СПРЕМА МАЛОЛЕТНИЦИ” членовите 437 до 477 и член 543 од овој закон.”

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предложените измени се во функција на ефективна примена на Законот за малолетничка правда ("Службен весник на Република Македонија" број: 87/07, 103/08 и 161/08 ), кој ќе се применува од 30 јуни 2009 година.

Имено, во членот 150 се пропишува дека: "Од денот на започнување со примена на овој закон престануваат да важат одредбите од членот 70-96 од Кривичниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06 и 70/06)."

Во Законот за малолетничка правда, исто така, се содржани одредби за: постапка спрема малолетници за сторени кривични дела (член 99-128) а кои одредби всушност се преземени од Законот за кривичната постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.15/97,44/02,74/04 и 83/08).

Со цел да се одбегне дуализам во важење на посочените одредби, предложените измени се во функција на престанување на важност на горе посочените одредби од Законот за кривичната постапка а кои се содржани едновремено во Законот за малололетничка правда.

Едновремено, во тек се активности за спроведување на стратегијата за реформа на казненото право и во таа насока во Министерството за правда формирани се и во тек на 2008 година работеа три работни групи кои согласно предвидената динамика во тек на првата половина на 2009 година до Владата на Република Македонија ќе и достават предлози на закони за изменувања и дополнувања на Кривичниот законик и Законот за кривичната постапка.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите на Предлог на Законот за дополнување на Законот за кривичната постапка меѓусебно се поврзани со одделни решенија содржани во Законот за малолетничка правда.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Донесувањето на предложениот Закон ќе резултира со ефективна примена на Законот за малолетничка правда кој ќе се применува од 30 јуни 2009 година.